ДЗР
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДЗР-Q-930-101.01/Изм.01

**Број: 03-712/2**
**Датум: 03.11.2023 година**

Врз основа на член 9 точка 12 од Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21) а во врска со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година бр.01-1649/1 од 26.12.2022 година и Решение за исправка во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година бр. 03-712/1 од 30.05.2023 година, Главниот државен ревизор донесе:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***за исправка во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година***

1. Во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година заверена под бр. 01-1649/1 од 26.12.2022 година и Решението за исправка во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година бр. 03-712/1 од 30.05.2023 година, се врши редакциска исправка во содржината на Годишната програма и Прилог 1, како што следи:

1.1 На страна број 3 во содржината на Годишната програма текстот:

„ Согласно пропишаните критериуми во Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите, ДЗР во 2023 година планира да изврши вкупно 78 ревизии, од кои 50 се однесуваат на ревизија на регуларност, 13 ревизија на усогласеност, 11 ревизии на успешност и 4 ревизии на спроведување на дадените препораки содржани во Конечните ревизорски извештаи од минат период, кои се прикажани во Прегледот на планирани ревизии, кој е составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година. Во рамки на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година, планирани се вкупно 11 ревизии на успешност, од кои најмалку 4 ревизии на успешност ќе бидат спроведени како кооперативни ревизии во соработка со ВРИ"

Се менува и гласи:

„Согласно пропишаните критериуми во Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите, ДЗР во 2023 година планира да изврши вкупно 66 ревизии, од кои 48 се однесуваат на ревизија на регуларност, 11 ревизии на

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk
INTERCERT system certification

успешност од кои 2 се ИТ ревизии, 3 ревизии на усогласеност, 4 ревизии на спроведување на дадените препораки содржани во Конечните ревизорски извештаи од минат период, кои се прикажани во Прегледот на планирани ревизии, кој е составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година. Во рамки на Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година, од планираните вкупно 11 ревизии на успешност, најмалку 4 ревизии на успешност ќе бидат спроведени како кооперативни ревизии во соработка со ВРИ"

1.2 Се врши исправка со замена на следните броеви во програмата и класата како што следи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| РУС | 64-69 | 16-21 | Плати и надоместоци на државните органи во Република Северна Македонија | Скопје |
| РУС | 70-76 | 22-28 | Процесот на доделување на договорите за јавна набавка | Скопје и општините |
| РУС | 78 | 30 | Развој на системот на гасификацијата во Република Северна Македонија | АД НОМАГАС Скопје |

со броевите во класата и програмата како што следи:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| РУС | 64 | 16 | Плати и надоместоци на државните органи во Република Северна Македонија | Скопје |
| РУС | 65 | 17 | Процесот на доделување на договорите за јавна набавка | Скопје и општините |
| РУС | 66 | 18 | Развој на системот на гасификацијата во Република Северна Македонија | АД НОМАГАС Скопје |

Согласно горенаведената исправка, редните броеви во Годишната програма а со тоа и во класата соодветно се усогласуваат.

2. Пречистен текст на Прилог бр. 1 од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година – Планирани ревизии е во прилог на ова Решение.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на член 9 точка 12 од Законот за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија” бр.66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21) врз основа на констатирана потреба од хронолошко нумеричко подредување на броевите во колоните за реден број во годишната програма и колоната за реден број во класата во Прилог број 1 - Преглед на планирани ревизии, во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година број 18-671/1 од 22 мај 2023 година и и Решението за исправка во Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година бр. 03-712/1 од 30.05.2023 година, Главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**

Прилог: Пречистен Прилог бр. 1 од Годишна за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година

Изработил: м-р Весна Богдановиќ

Контролирал: м-р Александар Поповски